Проектот е финансиран од Европската Унија

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

# ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ

# УПАТСТВО ЗА АПЛИКАНТИ

Во рамките на проектот:

## „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“

финансиран од Европската унија,
ИПА програма за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во Република Северна Македонија:
EuropeAid/167061/DD/ACT/MK

**Датум на објава на повикот:** **29 март 2022 година.**

**Краен рок за аплицирање:** **29 април 2022 година, до 23.59 часот**

ЕУ со ТЕБЕ

СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО

forumi i gruas женски форум women's forum

**СОДРЖИНА:**

1. Вовед за проектот....3
2. Позадина....3
3. Цели на повикот....5
4. Критериуми за подобност на апликанти....5
5. Тип на активности....6
6. Временска рамка и достапен буџет....7
7. Подобност на трошоци....7
8. Начин на аплицирање....8
9. Листа за проверка....9
10. Критериуми за селекција....10
11. Одлука за апликанти – индикативна рамка....12
12. Информативна сесија....12

# 1. Вовед за проектот

Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" има за цел да придонесе кон независно и одржливо граѓанско општество поддржано од погодна средина која поттикнува партиципативни и родово-сензитивни процеси на креирање младински политики.

Проектот се спроведува од страна на Коалиција на младински организации СЕГА како водечки партнер, во партнерство со Женски Форум Тетово, СОС Детско Село и Волонтерски Центар Скопје. Овој проект е финансиран од Европската Унија, во рамките на ИПА програмата за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во Република Северна Македонија, со референтен број EuropeAid/167061/DD/ACT/MK.

**Специфичната цел на проектот е да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество**. За да се постигне целта, проектот :

- Ќе ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за независно и ефективно влијание врз донесувачите на одлуки поврзани со младински прашања врз основа на докази и преку локално вмрежување
- Ќе ги подобри граѓанските компетенции на младите мажи и жени за суштинско учество во секојдневниот живот на демократската заедница користејќи иновативни модели преку родово сензитивни и мировни пристапи
- Ќе ги оспособи јавните институции да развиваат и спроведуваат информирани и квалитетни јавни политики поврзани со младите засновани на еднакви можности преку одржливо партнерство со локалното граѓанско општество.

# 2. Позадина

Младите на возраст од 15 до 29 години се категорија граѓани на која државата ретко гледа издвоено од другите категории граѓани. Дури и кога станува збор за креирање политики наменети за младите, државата почесто има унифициран пристап, наместо да ги стави во перспектива потребите на младите со различна заднина, како што се младите од рурални средини и помали градови, младите со попреченост и младите од семејства со ниски приходи. Имајќи го предвид ова, лесно е да се претпостави дека младите по чиишто „мерки" не се носат политики и решенија, имаат помалку избори кога се во прашање образовните можности, понатаму можностите за лична надградба и напредок, можностите за себеизразување, како и учеството во културни настани.

Недостатокот од соодветно креирани политики за младите во областа на образованието, вработувањето или, пак, социјалната заштита, ниската функционалност на институциите придонесуваат за зголемување на степенот на иселување на младите од Република Северна Македонија. Иселувањето, незадоволството, како и недостатокот од комуникација за активно вклучување на младите во демократските процеси се дел од факторите што влијаат на

стагнацијата на социјалниот капитал на младите во нашата земја во текот на последните десет години.

Уште една значајна околност што има сериозно влијание на состојбата и позицијата на младите во Република Северна Македонија е кризата од пандемијата на КОВИД-19, којашто се провлече во сите сегменти на општественото живеење. Во овој период младите беа една од најпогодените групи граѓани. Целосната промена на образовниот процес, зголемувањето на младинската економска нестабилност и недостатокот од институционална поддршка што им е потребна на младите, се само дел од предизвиците што им ги донесе кризата на младите.

Според Почетната Студија за младински трендови[1] за проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", квалитетот на живот и перцепцијата на младите за иднината во нашата држава не е на завидно ниво. Младите сметаат дека платите се ниски, а цената на производите расте, што дополнително ја отежнува ситуацијата да имаат стандард на живот каков што посакуваат. Младите под квалитет на живот подразбираат достоинствено вработување, квалитетно образование, квалитетен социјален живот.

Младите не се задоволни од квалитетот на постоечките мерки и политики за младите луѓе. Дополнително на тоа, многу мал дел од младите се запознаени со Законот за младинско учество и младински политики и со Националната стратегија за млади 2016 – 2025. Имено, младите немаат големо искуство да бидат консултирани во процесите на донесување одлуки, како од страна на локалната самоуправа така и од други локални институции. Во некои од општините постојат одредени неформални механизми преку кои би можело да се обезбеди младинско учество во донесувањето одлуки, но потребно е овие механизми да се јакнат и да се развиваат. Заинтересираноста на младите е клучен фактор, а најдобриот и најблизок начин за такво учество и вклучување на младите во општественото одлучување се локалните младински совети, преку кои младите може да лобираат за своите интереси. Младите сметаат дека најдобар начин и мотивираност за да се вклучат во донесувањето одлуки на локално ниво е преку граѓанските организации.

Младите имаат позитивен генерален став за вклучување во заедницата преку волонтирање, препознавајќи го ентузијазмот и слободното време како важни фактори за активизам. Од друга страна, граѓанските организации имаат волја за вклучување на млади волонтери, но се соочуваат со тешкотии во однос на задржување на волонтерите преку систематски пристап што ќе обезбеди квалитетно управување со волонтерите на редовна основа.

[1] https://mladieu.mk/wp-content/uploads/2022/03/Pocetna-studija-za-mladinski-trendovi_MK.pdf

## 3. Цели на повикот

Главната цел на повикот е ***Зајакнато влијание на граѓанските организации кои работат со млади во процесите на креирање политики и донесување на одлуки, посебно на локално ниво.*** Поддржаните проекти преку овој повик треба да придонесат кон специфичната цел на проектот: **Подобрен квалитет на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество.**

**Хоризонтални принципи на овој повик се родовата еднаквост, поттикнување на волонтерство и заштитата на животната средина. Овие принципи треба да бидат вградени како основни елементи во сите предлог проекти.**

## 4. Критериуми за подобност на апликанти

Апликанти може да бидат **граѓански организации** кои работат со млади лица, активни на територијата на Р.С. Македонија и регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации. Апликантите треба да се регистрирани најмалку една година пред објавата на повикот.

Поединци, политички партии, меѓународни и странски организации, владини институции и верски заедници **не се подобни** како апликанти, но можат да учествуваат во спроведувањето на проектот.

Организациите кои се водечки апликанти или ко-апликанти на *ИПА Програмата за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во Република Северна Македонија со референтен број: EuropeAid/167061/DD/ACT/MK* **не се подобни** како апликанти на овој Повик.

Апликантот може да дејствува поединечно или со ко-апликант. Партнерствата не се задолжителни, но се дозволени и добредојдени. Ко-апликантот мора да ги задоволи критериумите за подобност што се применуваат за апликантот.

Апликантот не може да биде ко-апликант во друга апликација. Ко-апликантот не може да биде ко-апликант и во друга апликација.

Еден апликант може да поднесе само еден предлог-проект во рамките на повикот. Целосната апликација се пишува на македонски јазик. Дополнително, потребно е да се пополни и Резиме на проектот на англиски јазик. Апликантот мора да биде директно одговорен за подготовката и управувањето со акцијата, а не да дејствува како посредник.

## 5. Тип на активности

Листа на различни видови на активности кои се подобни за добивање на финансиска поддршка во рамките на овој повик (листата не е сеопфатна):

- Активности за градење капацитети на локално ниво – обуки и други иновативни форми на градење капацитети;
- Активности за застапување и акции за поддршка на дијалогот на граѓанското општество со локални власти и подобрена соработка со бизнис секторот;
- Организирање на конференции, тркалезни маси, јавни дебати, работилници и семинари (ограничен број по предложена акција);
- Спроведување на истражувања поврзани со специфични младински приоритети (истражување не смее да биде главната цел на акцијата)
- Следење на спроведувањето на политиките на локално и на национално ниво, и спроведување на активности за застапување;
- Спроведување на кампањи за подигнување на јавната свест; кампањи за застапување и подготовка на документи за јавни политики;
- Активности поврзани со превенција и заштита од дискриминација и насилство помеѓу младите луѓе;
- Активности кои промовираат и поттикнуваат волонтерство помеѓу младите луѓе и граѓанскиот сектор;
- Активности поврзани со промоција и примена на Законот за младинско учество и младински политики на национално и локално ниво;
- Активности кои ќе влијаат на заштита на животната средина на локално ниво, со посебен фокус на подигнување на свеста на младите луѓе за активно вклучување;
- Интеракција, фасилитација на контакти, градење доверба и вмрежување со носителите на одлуки.

Следните видови активности **не се подобни за директно финансирање од грантот**:

- Активности што вклучуваат само или воглавно индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси и студиски посети;
- Активности што вклучуваат само или воглавно индивидуални стипендии за студии или обуки;
- Набавка на возила;
- Набавка на опрема (освен ако не е неопходна за успешно извршување на проектот);
- Активности што поддржуваат политички партии или кандидати за избори;
- Проекти исклучиво наменети за директна корист на поединци или за ексклузивно ограничени групи на поединци;
- Ретроспективно финансирање за проекти што веќе се во имплементација или се завршени;
- Хуманитарни акции;
- Инфраструктурна реконструкција;
- Регрантирање;

- Активности кои спаѓаат во општите активности на надлежните државни институции или службите на државната управа, вклучително и локалната самоуправа; и
- Активности поврзани со тутунската индустрија (CAEN code 16); производство на алкохолни дестилирани пијалаци (CAEN code 1591) и оружје и муниција (CAEN code 296).

## 6. Временска рамка и достапен буџет

Целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој повик изнесува **90.000 евра**. Бараниот грант мора да биде помеѓу минималниот и максималниот износ за овој повик:

Минимален износ: **13.500 ЕУР**

Максимален износ: **15.000 ЕУР**

Секој предлог проект со кој се бара грант, а кој не спаѓа помеѓу горенаведените износи, нема да биде прифатен.

Не е неопходно кофинансирање од страна на апликантот. Преку овој повик ќе се доделат најмалку 6 грантови. Точниот износ на поединечниот грант ќе се утврди врз основа на проценката на предложениот буџет во однос на неговата ефикасност и поврзаност со предложените активности. СЕГА го задржува правото да не ги додели сите расположливи средства според овој повик.

Времетраењето на предложениот проект треба да биде за период **помеѓу 9 и 12 месеци**. Периодот на спроведување ќе биде прецизно утврден со потпишување на договорот за грант.

## 7. Подобност на трошоци

Трошоците кои се **подобни** во рамките на овој повик се трошоци кои:

- Се направени од страна на корисникот на грантот во текот на проектот и поврзани со активностите планирани во рамки на договорот за грант;
- Се наведени во проценетиот вкупен буџет на проектот приложен кон договорот за грант;
- Се неопходни за спроведување на проектот кој е предмет на договорот за грант;
- Може да се утврдат и потврдат, како и да се евидентирани во сметководството на корисникот и утврдени согласно важечките сметководствени стандарди во државата во која е основан корисникот (корисниците), и во согласност со вообичаената пракса за сметководствена евиденција на трошоците на корисникот;
- Се во согласност со барањата на соодветното даночно и социјално законодавство; и
- Се разумни, оправдани и во согласност со принципот за добро финансиско управување, особено во однос на економичност и ефикасност.

*Прифатливи трошоци*

Грантот ќе покрие само прифатливи трошоци. Прифатливи се оние трошоци кои се директно поврзани со предложените проектни активности:

- Трошоци за човечки ресурси - бруто-плата / хонорари за персоналот вклучен во реализирањето на предлог-проектите. Се препорачува вкупниот износ во оваа категорија да не надминува повеќе од 35% од вкупниот износ на грантот.
- Патувања - патни трошоци поврзани со активностите во проектот;
- Опрема (најмногу до 5 % од вкупните директни трошоци);
- Директни трошоци настанати за време на фазата на спроведување на предлог-предложените активности (вклучително и трошоци за надворешни лица/експерти од кои ќе се побара стручна поддршка, трошоци за видливост);
- Административни трошоци – најмногу до 7 % од вкупните директни трошоци (кирија, комуникациски трошоци, канцелариски трошоци итн.).

*Неприфатливи трошоци*

- Набавка на која било опрема која надминува 5 % од вкупните директни трошоци (или опрема која не е неопходна за имплементација на активностите на проектот);
- Трошоци за ДДВ;
- Долгови и давачки за сервисирање на долгот (камати);
- Резерви за загуби или потенцијални идни обврски;
- Трошоци пријавени од страна на грантистот/ите, а финансирани од друг проект или програма за работа кои добиваат грант од Европската Унија (вклучително и преку EDF) или се веќе финансирани од други донатори;
- Набавка или реновирање недвижнини;
- Набавка на возила или мебел;
- Загуби од курсни разлики;
- Кредити за трети лица;
- Трошоци за плати за лица кои работат во државните администрации;
- Трошоци за финансирање политички партии и избори;
- Трошоци за ретроспективно финансирање;
- Трошоци за активности надвор од земјата (студиски посети, итн.);
- Трошоци за организирање на настан, на пример конференција, ако конференцијата е единствена активност во проектот.

## 8. Начин на аплицирање

Апликацијата за овој повик треба да ги содржи уредно пополнети следните документи:

- **Образец за апликација (Прилог 1)**
- **Образец за буџет (Прилог 2)**
- **Образец за Логичка рамка (Прилог 3)**
- **Образец за Извршно резиме на англиски јазик (Прилог 4)**
- **Изјава на апликантот (Прилог 5)**
- **Тековна состојба на апликантот од Централен регистар не постара од 6 месеци**

Сите делови на образецот за апликација како и останатите прилози мора да бидат комплетно пополнети. Прилозите мора да бидат пополнети на компјутер. Прилозите кои ќе бидат пополнети рачно нема да се земат предвид. За време на пополнувањето на прилозите 1, 2 и 3 користете македонска поддршка. Внимавајте да не ги бришете насоките и коментарите во формуларот. Внимавајте да ја почитувате бараната должина на текстот за секој дел од формуларот, насоките се дадени во самиот формулар. Користете фонт „Arial", со македонска поддршка со големина 11.

Комплетните апликации мора да бидат поднесени во електронска форма на македонски јазик со овластен потпис и печат во еден примерок. По доставувањето на апликацијата, апликантите ќе добијат потврда за прием со број на апликацијата.

**Апликациите се доставуваат најдоцна до 29.04.2022, до 23.59 часот, на следната адреса: aplikacija@sega.org.mk**

**Прашања и одговори:** За дополнителни информации во врска со повикот, прашања можат да бидат поставени **исклучиво по писмен пат** на e-mail: sega@sega.org.mk **најдоцна до 13.04.2022**.

Одговорите на поставените прашања ќе бидат објавени на проектната веб страница: www.mladieu.mk, најдоцна до 21.04.2022 година.

## 9. Листа за проверка

По комплетирањето на апликацијата, ве молиме пополнете ја оваа листа за проверка како потврда дека апликацијата е целосна и во согласност со критериумите и барањата. Ве молиме означете ги сите полиња:

| Листа за проверка | Да | Не | Не е применливо |
|---|---|---|---|
| 1. Апликацијата е поднесена во зададениот рок. | | | |
| 2. Апликантот има поднесено една апликација. | | | |
| 3. Апликантот не е ко-апликант во друга апликација. | | | |
| 4. Ко-апликантот не е ко-апликант и во друга апликација. | | | |
| 5. Образецот за апликација е целосно пополнет во соодветниот образец следејќи ги препораките за должина и форматирање на текстот истакнати во Упатството за апликанти. | | | |
| 6. Изјавата на апликантот е пополнета и потпишана од неговиот законски застапник | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Буџетот е пополнет во соодветниот образец, вклучувајќи и оправданост на буџетот, и приложен кон Образецот за апликација. | | | |
| 8. Логичката рамка е пополнета во соодветниот образец и приложена кон Образецот за апликација. | | | |
| 9. Резиме на англиски јазик е пополнето во соодветниот образец и приложено кон Образецот за апликација | | | |
| 10. Приложена е копија од Тековна состојба од Централен регистар не постара од 6 месеци од Апликантот и ко-апликантот со активен статус (ако го има). | | | |
| 11. Апликантот ги задоволува критериумите за подобност наведени во упатството. | | | |
| 12. Ко-апликантот ги задоволува критериумите за подобност наведени во упатството. | | | |
| 13. Времетраењето на проектот е помеѓу 9 и 12 месеци | | | |
| 14. Висината на побараниот буџет е помеѓу 13.500 и 15.000 ЕВРА. | | | |

## 10. Критериуми за селекција

Комисијата за оценување на грантовите ќе ги оцени предлозите врз основа на следната табела за оценување:

| КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНКА | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** | **20** |
| Дали апликантот има доволно искуство за раководење проекти со фокус на млади? Дали апликантот има техничка експертиза, т.е. познавање за темите кои се адресирани со проектот? | 10 |
| Дали апликантот има капацитет за управување? (вклучувајќи персонал, опрема и способност да раководи со буџет) Дали е јасно опишано и дали е соодветно управувањето со проектот? | 10 |
| **РЕЛЕВАНТНОСТ** | **20** |
| Колку предлог проектот е релевантен за целите на повикот? Дали очекуваните резултати се во согласност со резултатите од повикот? | 5 |
| Колку добро е опишана локалната состојба (контекст)? Колку добро е опишан проблемот кој ќе се адресира со проектот? | 10 |
| Колку добро се избрани целните групи и корисници и дали се опишани нивните потреби? Колку е релевантен предлогот за конкретните потреби? | 5 |

| ДИЗАЈН НА ПРОЕКТОТ И ПРИСТАП ВО СПРОВЕДУВАЊЕ | 30 |
|---|---|
| Дали е кохерентен дизајнот на проектот? Дали предлог проектот ги наведува очекуваните резултати кои треба да се постигнат со активностите? Дали логиката на интервенција е соодветна и укажува на соодветно планирање и спроведување? | 10 |
| Дали предложените активности се соодветни, практични и во согласност со поставените цели и резултати? Дали акцискиот план е јасен и изводлив? Дали временската рамка е реална? Дали проектот обезбедува јасна видливост на активностите и резултатите? Дали има соодветна анализа на ризици и мерки за нивно ублажување? | 10 |
| Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата? До кој степен предлог проектот вклучува ефективен и ефикасен систем за следење? | 5 |
| Дали е иновативен проектот? Дали обезбедува евентуални нови решенија, производи, услуги или методи за локалната средина и целните групи? Колку предлог проектот содржи елементи на додадена вредност (иновации, добри практики итн.)? Дали проектот вградува родова еднаквост, волонтерство и заштита на животната средина? | 5 |
| **ВЛИЈАНИЕ И ОДРЖЛИВОСТ НА ПРОЕКТОТ** | **15** |
| Дали проектот има видливо влијание на целните групи? | 5 |
| Дали проектот ќе има мултипликативни ефекти, вклучувајќи реплицирање и споделување на знаење? Дали проектот ќе обезбеди одржливост на проектните резултати по завршување на проектот? | 10 |
| **БУЏЕТ И ЕФИКАСНОСТ НА ТРОШОЦИТЕ** | **15** |
| Дали предложените активности се соодветно одразени во буџетот? | 5 |
| Дали е задоволителен соодносот помеѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати и исходи? | 10 |
| **ВКУПНО** | **100** |

Во текот на процесот на оценување, СЕГА може да побара дополнителни информации од подносителот на пријавата за предлог-проектот или за организацијата, коишто смета дека се потребни за завршување на оценувањето. Барањето дополнителни информации не подразбира дека истите ќе бидат или нема да бидат поддржани.

По евалуацијата ќе се состави листа на рангирани апликации. Највисоко рангираните организации - потенцијални грантисти ќе бидат повикани на поединечни состаноци за понатамошно дискутирање и усогласување на предложениот проект и буџет. При евалуацијата ќе се земе предвид правична регионална застапеност на апликантите.

Пред-селектираните организации ќе мора да ги доставаат следните дополнителни документи:

- Форма за правно лице (Legal Entity File)
- Финансиска Форма за Идентификација (Financial Identification Form)
- Работни биографии на персоналот вклучен во проектот;
- Завршна сметка (Биланс на приходи и расходи) за 2021 година.

Доколку организациите не ги поднесат овие документи во предвидениот рок, СЕГА може да ја одбие апликацијата.

Во соработка со СЕГА сите избрани грантисти се обврзани самостојно да спроведат постапка за регистрација на проектот во Секретаријатот за европски прашања (СЕП) и Управата за јавни приходи (УЈП), со цел ослободување на проектот од ДДВ.

## 11. Одлука за апликанти – индикативна рамка

| ДОСТАВУВАЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ | Датум | Час |
|---|---|---|
| Објава на повикот | 29.03.2022 | |
| Информативна сесија преку интернет за подготвување на предлог-проекти | 08.04.2022 | 11:00 |
| Краен рок за испраќање барање за појаснување преку е-пошта | 13.04.2022 | 17:00 |
| Краен датум на кој појаснувањата ќе бидат објавени како документ Прашања и Одговори на проектната веб страница | 21.04.2022 | 17:00 |
| Краен рок за прием на апликациите | 29.04.2022 | 23:59 |
| Барања за дополнителни информации од пред-селектирани апликанти (доколку има потреба)* | 20.05.2022 | 17:00 |
| Информација за доделени грантови и одбиени апликации* | 31.05.2022 | |
| Официјална Церемонија за потпишување договори* | 21.06.2022 | |
| Обука за финансиско управување за селектираните грантисти | 28.06.2022 | |
| Официјално започнување на проектите* | 01.07.2022 | |

** Имајте предвид дека оваа рамка е само за илустрација. Во случај да бидат добиени голем број апликации, СЕГА го задржува правото да ја продолжи оваа рамка.*

Ги поттикнуваме организациите редовно да се информираат преку веб-страната на проектот www.mladieu.mk.

Согласно одлуката, секој апликант ќе добие писмено известување за статусот на својата апликација. Содржината на апликациите нема да биде достапна за пренесување на трети лица.

## 12. Информативна сесија

**Информативната сесија за подготовка на предлог-проект** ќе се одржи преку интернет на **08.04.2022 година во 11:00 часот, на следниот ZOOM линк**: https://zoom.us/j/95468253499

Видеото од информативната сесија ќе биде достапно на веб-страницата на проектот: www.mladieu.mk